**До: Сите заинтересирани страни**

**Предмет: Барање на понуда за хотелско сместување и угостителски услуги**

Почитувани,

Организација ЖЕНА Делчево, во рамките на проектот „„Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“, проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево, а финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска, има потреба од прибирање на понуди за реализирање на обука **за комуникациска стратегија**, како дел од активноста *„Зајакнување на организациските капацитети“*.

Обуката ќе се реализира во период од 10 ноември  до 12 ноември 2025 година (две ноќевања) и на истиот планирано е да присуствуваат 12 лица. Сместувањето ќе биде во еднокреветни соби.

Вашата понуда треба да гласи до Организација ЖЕНА Делчево е и да содржи:

– Хотелско сместување (еднокреветна соба, доручек, ручек, вечера) за 12 лица, за две ноќевања, пристигнување на 10 ноември (почнување со ручек) и заминување на 12 ниември 2025 година (после ручек)

– Цена на кафе (турско кафе, нес, еспресо, капучино, макијато, чај, какао) – предвидено е да има 5 кафе паузи

– Цена на вода за време на сесиите

– Цена за безалкохолен пијалок за време на ручекот и вечерата

– Цена на дополнителен ручек за учесниците на денот на пристигнувањето

– Цена за користење на сала за состаноци и друга дополнителна опрема.

Доколку Вашиот хотел нуди и спа услуги цената за користење на истите вклучете ги во понудата.

Цената на понудата да биде изразена по лице.

НАПОМЕНА: Цените да бидат изразени во МКД со пресметан ДДВ.

Сите заинтересирани страни понудите треба да ги достават на нашата емаил адреса: ozdelcevo@gmail.com, а најдоцна до 05.11. 2025 година (среда) до 16 часот.

„Зајакнување на правната писменост на жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево“ е проект спроведуван од Организација ЖЕНА Делчево Овој проект е финансиран од Kvinna till Kvinna Foundation и Шведска.